# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ Е- СКРИПТА „ЛИКОВНО ОБЛИКУВАЊЕ НА ТЕКСТИЛ” ОД АСС. М-Р ВАНЃА ДИМИТРИЈЕВА-КУЗМАНОСКА, ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлука бр.2802-92/13 од 7 октомври 2014 година, на редовната седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет, одржана на 7 октомври 2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- доцент д-р Катерина Деспот од Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- доцент м-р Јана Јакимоска од Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;

за изготвување на извештај – рецензија на приложениот ракопис е-скрипта „Ликовно обликување на текстил” од **асистент м-р Ванѓа Димитријева - Кузманоска**, наменет за студенти на прв циклус студии на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет му го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот за е-скрипта:** Насловот на ракописот **„ЛИКОВНО ОБЛИКУВАЊЕ НА ТЕКСТИЛ”** во форма на скрипта за објавување во е-библиотека на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ни беше поднесен од м-р Ванѓа Димитријева-Кузманоска. Ракописот е наменет за предметот со наслов Ликовно обликување на текстил и се слуша во VI семестар како задолжителен предмет, со фонд на часови 2+2+1. Материјалот кој е опфатен во ракописот е во согласност со Наставната програма по предметот Ликовно обликување на текстил и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Материјалот е презентиран на 100 страници во А4 формат со нормален проред, во 4 тематски поглавја, а содржи 80 фотографии. Обемот на ракописот по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракопис со ист или сличен наслов досега не е објавен.

**Краток опис на содржината:** Презентираниот материјал во трудот опфаќа 100 страници, поделен во четири целини, каде што се опфатени историските периоди од проучувањето на ликовното обликување, ликовно-естетските вредности во народните носии, декоративниот текстил и неговата примена и ликовно обликуваниот текстил и неговата примена во облеката.

Скриптата содржи материјал првенствено за студентите по ликовно обликување на текстилот, кои за време на предавањата е потребно да користат одредени податоци и фотографии, за да ја совладаат полесно предвидената материја со наставната програма. Материјалот е презентиран во обем и форма која треба да даде една јасна слика, подеднакво од историски периодот па сè до модерното живеење и користење на оваа текстилна уметност. Бројот на историските примероци и податоците кои се користат од предвидената литература е целосно објаснет, затоа во материјалот кој е презентиран се издвоени најзначајните форми од оваа област, кои оставиле најголема трага во развојот на историјата на ликовното обликување на текстилот и оние кои сега се творат врз основа на

историските. Начинот на презентација по периоди се однесува на текстилните творби кои според нивната функција, типот на изработка, применетата декорација или влијанието кои го имаат во одреден историски период или стил дале најголемото влијание. Презентацијата на ликовното обликување на текстилот е овозможена преку фотографии, веродостојни на оригинални творби од авторите на тие дела, па сè до современите модели кои се користат во ликовното обликување на текстилот во облеката.

Во однос на обемот на материјалот од оваа област е направено одредено претставување на тапиserијата како најстар историски тип на ликовното обликување на текстилот, како и народното творештво и обликување на текстилот преку везењето како највисоко ликовно-естетска дисциплина во обликувањето на текстилот. Во продолжение на презентираниот материјал опфатени се најобемните текстилни творби и елементи на сите видови на ликовно обликување на текстилот. Најдоминантниот период за користењето на оваа високо ликовно-естетска форма во обликувањето на текстилот со посочување на најзначајните нејзини форми од овој период, на кој се надоврзуваат сите нови форми на обликувањето на текстилот во оваа ликовна дисциплина. Како еден од најзначајните периоди во историјата на ликовното обликување на текстилот е XV век кога во Франција е најзастапена тапиserијата како најквалитетна ликовно обликувана форма на текстилот која по својата техника на изработка останала најмаркантна текстилна творба за оваа дисциплина. Од овие причини, поради значењето на оригиналноста на оваа форма од овој период тие во најголема мера се застапени во прегледот како илустративен материјал. Во модерната примена на ликовно обликуваниот текстил односно новите форми кои се застапени во облеката што ја креираат многу познати модни куќи, исто така, се претставени како илустративен материјал за да може појасно да се прикаже на студентите одредената форма и техниката како е добиена истата. Сите материјали се поделени во четири целини од каде што по периоди ја појаснуваат оваа проблематика и нејзиниот развој во сите периоди на нејзиното постоење и сл. На овој начин на корисникот на овој труд му се дава општ преглед за секој период, со главните карактеристични примероци за ликовното обликување на текстилот како творештво која маркантно го одбележува сликарството како техника применета во текстилот. Овој материјал при неговата презентација, иако обемен, е селектиран во рамките на капацитетот и наставната програма на скриптата за овој предмет.

Од презентираниот материјал може да се заклучи дека се опфатени сите наведени стилски и главни карактеристики на нивниот развој, преку ликовното, уметничкото и народното творештво на териториите каде што било присутно.

## З А К Л У Ч О К

Според гореизнесеното, Комисијата констатираше дека ракописот со наслов **„Ликовно обликување на текстил” - скрипта,** пријавен од **асистент м-р Ванѓа Димитријева-Кузманоска** е напишан според програмската содржина на предметот за кој е наменет, ги задоволува критериумите за објавување и ќе им биде од голема корист на студентите за совладување на наставните содржини по истиот.

Врз основа на изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет да го прифати рецензираниот ракопис скрипта со наслов „Ликовно обликување на текстил”, пријавен од авторот асистент м-р Ванѓа Димитријева-Кузманоска и истиот да го одобри за користење како учебно помагало рецензирана скрипта, а воедно и да им предложи на органите на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, негово соодветно издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Катерина Деспот, доцент, с.р.**
**М-р Јана Јакимоска, доцент, с.р.**